Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 32/16306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2019 година, врз основа на примена жалба од Саше Ивановски против интернет-порталот „Плусинфо“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 јануари 2020 година, Саше Ивановски поднесе жалба за колумната со наслов „Кои се петте луѓе блиски на Заев што ја менаџирале аферата „Рекет“ од втор план и дали некој од нив знае каде се парите?“ објавен на 4 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Плусинфо“ (www.plusinfo.mk).

Ивановски наведува дека во колумната на „Плусинфо“ бил наклеветен дека добивал нарачки од премиерот Заев за да поставува нарачани прашања. Според подносителот на жалбата, ваквите наводи се чиста измислица.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет порталот „Плусинфо“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Авторот на колумната, Бранко Героски, одговори на наводите на жалителот и посочи дека го увидел пропустот во својот текст. Тој изрази подготвеност „Плусинфо“ да го исполни барањето на подносителот на претставката, Саше Ивановски и да објави извинување за искажаните зборови, што беше и сторено од страна на медиумот.[1]

Героски во одговорот, меѓу другото, појаснува и дека пред воопшто случајот да биде предмет на жалба пред Советот за етика, самиот до Ивановски упатил извинување преку електронска пошта, за кое, како што наведува, претставува редок пример во медиумскиот простор. Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да се извинат или да се коригираат кога ќе се утврди пропуст во содржината. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

---

[1] https://plusinfo.mk/%D1%81%D0%B0%D1%88%D0%B5-%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB-%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%B0%D0%BD%D0%BE-%D0%BF/

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595